# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 10 | КОЧАНИ, 29 Јули 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 29.07.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 29.07.2024 година, и тоа:

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр. 09- 1242/1

2.Програма за изменување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година, Бр. 09- 1250/1

3.Одлука за давање финансиска помош на Боречки клуб Спартак – Кочани, Бр. 09-1238/1

4.Одлука за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани, Бр. 09- 1240/1

5.Одлука за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2024 година, Бр. 09- 1243/1

6.Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година и град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр. 09-1244/1

7.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр. 09-1246/1

8.Одлука за формирање на Локален економско-социјален совет на Општина Кочани, Бр. 09- 1247/1

9.Одлука за давање согласност на договор за доделување на средства по основ на спонзорство, Бр. 09- 1249/1

10.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Југуков“ – Кочани за 2025 година, Бр. 09- 1239/1

11.Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I- III одделение во ООУ„Раде Кратовче“-Кочани, Бр. 09- 1248/1

12.Решение за именување член во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница, Бр. 09- 1241/1

13.Решение за именување на членови на Општински совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Кочани, Бр. 09- 1245/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“

Бр. 08-1251/1
29.07.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 99 од од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година

Член 1

Заради задоволување на интересот на правните и физичките лица за отуѓување на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, а со кое располага Општина Кочани, со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2024 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.12/2023 и 14/2023), се врши следната измена и дополна:

Долнувањето на Програмата всушност претставува проширување односно зголемување на бројот на градежни парцели кои во рамките на годишната Програма за 2024 година се предвидени како предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија. Програмата се дополнува со градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кочани.
Градежните парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање се дадени во Табела за јавно наддавање за 2024 година-измена 2, која е составен дел на оваа програма.

Член 2

Во делот на Проценката на финансиските приливи по основ на реализација на Дополната на Програмата, се врши следната дополна и измена на вкупните приходи:

Приходи:
16. Индивидуално домување 967.626,00 ден.
17.Мали комерцијални објекти 1.482.840,00 ден.
-----------------------------------

Вкупно: 2.598.750,00 ден
СÈ ВКУПНО ПРИХОДИ: 84.721.035,00 ден.

- Во точка 3 став 2 кој гласи:
„ Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 16.424.457,00 ден.
- 80 % на Општина Кочани - 65.697.828,00 ден.

се менува и гласи:
„ Оваа Програма нуди поголема можност за избор од страна на заинтересираните странки за отуѓување на градежното земјиште, а согласно Законот за градежно земјиште приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за Општина Кочани,и тоа:

- 20 % на Република Северна Македонија - 16.944.207,00 ден.
- 80 % на Општина Кочани - 67.776.828,00 ден.

Точка 4 која гласи:
4. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Расходи:
Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 671.254,00 ден.
- трошоци по основ на експропријаци ја - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 50.000,00 ден.

Вкупно: 5.721.254,00 ден.

Се менува и гласи:
4. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Расходи:
Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 680.000,00 ден.
-трошоци по основ на експропријација - 5.000.000,00 ден.
-трошоци за рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште - 100.000,00 ден.

Вкупно: 5.780.000,00 ден.

Член 3

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1242/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (2) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24 и 74/24), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 29. 07.2024 година, донесе

## Програма
## за изменување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година

I.

Во Програмата за спорт на општина Кочани за („Службен гласник на Општина Кочани бр.14/2023 и 07/2024), се врши следната измена:
Во точка 4.2 поддршка на спортски манифестации во точка 7.
- 3х3Баскет турнир,к износот од 40.000,00 денари се заменува со износот 100.000,00 денари

II.

Програмата за изменување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1250/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање финансиска помош на Боречки клуб Спартак – Кочани

Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Кочани дава финансиска помош во износ од 200.000,00 (двеста) илјади денари на Боречкиот клуб Спартак – Кочани од Буџетот на Општина Кочани за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1238/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија " бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани

Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Кочани дава финансиска помош во износ од 200.000,00 (двеста) илјади денари на Доброволно противпожарно друштво-Кочани од Буџетот на општина Кочани за 2024 година, за тековно одржување и сервисирање на возниот парк, технички преглед и регистрација, промена на пневматици и гориво за возниот парк.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1240/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 26 алинеја 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 111/23) согласно членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 29.07. 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
### за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2024 година

### Член 1

Во Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Програма ЈД и Програма ЈИ ставка-485, потставка-485420, како приоритет за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, се резервираат средства за:

1. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улиците: „Стефка Тасева”; „Скоевска”; крак од ул„1 Мај”; „554” и „555”; дел од ул„Роза Петрова”, дел од ул. „Петар Синадинов” во м.в. Прокарка – Кочани;
2. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Скопска” во Кочани;
3. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улици во централното градско подрачје во Кочани;
4. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улица „Гемиџии’ во Кочани;
5. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Страшо Ербапче” во Кочани;
6. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Стево Теодосиевски” во Кочани;
7. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Вера Которка” во Кочани;
8. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Ванчо Коцев” во Кочани;
9. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Смилевски Конгрес”- ул.„553” во Кочани;
10. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Јордан Зафиров” во Кочани;
11. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Поп Арсов Блаже” во Кочани;
12. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Боро Ефремов” во Кочани;
13. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Малина Поп Иванова” во Кочани;
14. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Велин Стојанов” во Кочани;
15. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Иван Миладинов” (ул.„547”) во Кочани;
16. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Карпошово Востание” во Кочани;
17. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на улицата „Станбена улица 6” (од ДУП ГЧ 9) во Кочани;
18. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел од улицата, крак на „Македонска” во Кочани;

19. Експропријација за реализација на Спортско рекреативен центар Црница кај Градски базент;
20. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Кресненско востание" во Кочани;
21. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Индустриска" во Кочани;
22. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „107" („Димитрие Лазаров") во Кочани;
23. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Митко Георгиев" дел 1 во Кочани;
24. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Никола Парапунов" во Кочани;
25. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Мородвишка Епископија" во Кочани;
26. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Пристапна улица1( Солунски конгрес ) во Кочани;
27. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Пешачка улица 8 во Кочани;
28. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Станбена улица 8 (Бел камен) во Кочани;
29. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Никола Карев" во Оризари;
30. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Кеј на Револуцијата" во Оризари;
31. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Ило Андонов" во Оризари;
32. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Кирил Ѕ'мбов" во с. Оризари и Кочани;
33. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Енгелсова" и крак на улицата „Енгелсова" во с. Оризари;
34. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Маршал Тито" во с. Оризари;
35. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Кристијан Карпош" во с. Оризари;
36. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел на улицата „Лазар Стоименов" во с. Оризари;
37. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел на улицата „Марко Цепенков" во с. Оризари;
38. Експропријација за реализација на патот с.Оризари – Манастир на Пресвета Богородица;
39. Експропријација за реализација на локален пат с.Крушка – Ајдар;
40. Експропријација за реализација на локален пат с.Крушка – Полаки;
41. Експропријација за реализација на на урбанистички план заради изградба на ул. „Мите Стојчев" во с.Тркање „;
42. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Александар Митев" во с. Тркање;
43. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Мите Јорданов" во с.Тркање;
44. Експропријација за реализација на на урбанистички план заради изградба на ул. „Тоде Паунов" во с.Долни Подлог ;
45. Експропријација за реализација на локален пат с.Горни Подлог – с.Долни Подлог;
46. Времена експропријација за фекална и атмосферска канализација во Општина Кочани;
47. Времена експропријација за поставување цевковод од главниот собирен колектор и секундарни колектори и трајна експропријација за изградба и поставување шахти предвидени за колекторот согласно

проектот за Главен собирен колектор за град Кочани и село Оризари и дел од колекторскиот систем на град Кочани изработен од Хидро енерго инженеринг ДОО Скопје;

48. Експропријација за втора фаза за дел од источен и западен колектор за отпадни води во населено место Оризари;

49. Примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од с.Тркање и колектор за поврзување на Главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани;

50. Експропријација за реализација на урбанистички план вон населено место на КП бр.19/1 и КП бр.19/2 КО Тркање, заради изградба на „Пристапен пат до градежни парцели за изградба на фотоволтаични централи КО Тркање – Општина Кочани од с.Тркање до Лесна индустрија Кочани.

51. Експропријација за реализација на проект за инфраструктура за дел од ул.„Страшо Ербапче“ Делница од крстосница со ул.„Малина Попиванова“ до крстосница со регионален пат кон Пониква КО Кочани и КО Бели;

52. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на кружен тек на ул. „Димитар Влахов” на спој со ул.„Павлина Велјанова“;

53. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на тротоар за дел од ул.„Страшо Ербапче“до крстосница со регионален пат кон Пониква;

54. Експропријација за реализација на проект за инфраструктура заради изградба на дел од потисен цевковод од пумпна станица Грдовски орман до изливен базен на пумпна станица од водоводниот систем на град Кочани од km 0 + 000.00 до km 2 + 215.50, Општина Кочани

55. Експропријација за реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1243/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 143, став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/2021) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2005 и 152/2010), Советот на Општина Кочани на седницата одржана 29.07.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година и град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани

Член 1

Се усвојува Збирниот извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година и град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1244/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на --.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани

Член 1

По повод 2 август- Денот на Републиката, работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Кочани се продолжува за два часа на 2 август, на 3 август по повод одржување концерт на групата Амадеус , на 10 август настап на пејачот Адил како и на 16 и 17 август по повод одржувањето на фестивалот „Dance the freedom“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1246/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на Локален економско-социјален совет на Општина Кочани

Член 1

Заради следење, проучување и оценување на влијанието на економската и социјалната политика како и мерките на економската и социјалната политика на стабилност и развој на општината, Општина Кочани формира Локален економско-социјален совет.

Член 2

Во составот на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кочани, влегуваат:

1.Лазо Митев – Претседател на Совет на Општина Кочани
2.Тоше Михајлов- Член на Совет на Општина Кочани
3.Венко Крстевски- Член на Совет на Општина Кочани
4.Ивица Лазаров- Член на Совет на Општина Кочани
5.Елена Димитровска- Раководител на Сектор за планирање и развој
6.Столе Гогушовски- претставник од Антура МК ДООЕЛ- Кочани
7.Драган Захариев- претставник од Виста пром
8.Драган Јорданов- претставник од ТИНГ ДООЕЛ - Кочани
9.Стојко Рамов- претставник од синдикат
10.Бранко Мицов- претставник од синдикат на КЈП„Водовод“- Кочани
11.Иван Андов- претставник од синдикат на УПОЗ

Член 3

Локалниот економско-социјален совет на Општина Кочани ќе биде консултативно и советодавно тело на Советот на Општина Кочани.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1247/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021 И 173/2022), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 29.07.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на договор за доделување на средства по основ на спонзорство

Член 1

Со оваа Одлука се давање согласност на договор за доделување на средства по основ на спонзорство склучен помеѓу Општина Кочани и Тиквеш Тим ДООЕЛ Кочани, заведен наш бр.08-1133/1 од 04.07.2024 година .

Член 2

Предмет на Договорот е доделување на финансиски средства (спонзорство) во износ од 100.000,00 денари, за остварување проект од јавен интерес во обласста на културата, по повод празникот на Кочани- Петровден, програма за одбележување на празникот на градот со културни содржини.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1249/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани за 2025 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани за 2025 година, бр. 01-94/1 од 06.06.2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1239/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 40 став 5 и став 7 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I- III одделение во ООУ„Раде Кратовче"-Кочани

I.

Се дава согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I- III одделение во ООУ„Раде Кратовче"-Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1248/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница

I

За член на заедничката комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Кочани и Виница , се именува:

- Венцо Бојков – Раководител на Одделение за правни и општи работи во Општинска администрација на Општина Кочани

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани.

Бр.09-1241/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), а во врска со член 147 став 1 од Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија" бр.87/07, 103/18, 161/08 и 145/010 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на Општински совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Кочани

I.

Со ова Решение се именуваат членовите на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престпаништво на Општина Кочани.

II.

За членови на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престпаништво на Општина Кочани се именуваат:

1. Борче Батевски - инспектор за малолетници и семејно насилство во Полициска станица од општа надлежност- Кочани
2. Гоце Паунов- Советник инспектор за труд во Министерство за труд и социјална политика- ПЕ- Кочани
3. Валентина Стоилкова- Социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Кочани
4. Горан Ангелов- Член на Советот на родители во ОУ„Раде Кратовче"- Кочани
5. Благица Петровска- Член на Советот на родители во ОУ„Никола Карев"- Кочани
6. Катерина Стојкова Митева- Член на Советот на родители во ОУ„Крсте Петков Мисирков"
7. Билјана Манчовска- Член на Советот на родители во ОУ„Св.Кирил и Методиј"
8. Оливер Стаменков- Член на Советот на родители во ОУ„ Малина Попиванова"
9. Славица Ефремова- член на Советот на родители во СОУ „Љупчо Сантов"- Кочани
10. Надалина Грозданова- Младинска организација во СОУ„Љупчо Сантов"- Кочани
11. Владимир Ананијев - Член на Советот на родители во СОУ „Гошо Виќентиев"- Кочани
12. Борчо Јанев- основен јавен обвинител, Кочани
13. Спиро Борисов-судија во Основен суд Кочани
14. Јалчн Неџипов- Здружение „Ромалитико"
15. Игор Христов- Здружение „Еднакви за сите"
16. Мануела Саидова- Центар за култура,

комуникација и едукација на ромите „Светла иднина'- Кочани

III.

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

IV.

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1245/1
29.07.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во обласа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр. 09- 1242/1
Стр.2

2.Програма за изменување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година, Бр. 09- 1250/1
Стр.3

3.Одлука за давање финансиска помош на Боречки клуб Спартак – Кочани, Бр. 09-1238/1
Стр.4

4.Одлука за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани, Бр. 09- 1240/1
Стр.4

5.Одлука за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2024 година, Бр. 09- 1243/1
Стр.5

6.Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година и град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр. 09-1244/1
Стр.7

7.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр. 09-1246/1
Стр.8

8.Одлука за формирање на Локален економско-социјален совет на Општина Кочани, Бр. 09- 1247/1
Стр.8

9.Одлука за давање согласност на договор за доделување на средства по основ на спонзорство, Бр. 09- 1249/1
Стр.9

10.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2025 година, Бр. 09- 1239/1
Стр.10

11.Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I- III одделение во ООУ„Раде Кратовче“-Кочани, Бр. 09- 1248/1
Стр. 10

12.Решение за именување член во заедничката комисија за подготовка на активе за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Виница, Бр. 09- 1241/1
Стр.10

13.Решение за именување на членови на Општински совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Кочани, Бр. 09- 1245/1
Стр.11